Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. Весник на Република Македонија бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Министерството за транспорт, на ден 03.11.2026 година, донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Бошава, општина Кавадарци, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Бошава, општина Кавадарци се определуваат следните: Општина Кавадарци, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Агенција за планирање на просторот, регионални и локални невладини организиации, локални бизнис заедници, стопански комори и др.и истиот се очекува да има влијание врз животната средина.

Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз амбиенталниот воздух, влијание врз биодиверзитетот и влијание од несреќи и хаварии.

Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува Министерство за транспорт на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно спроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Бошава, општина Кавадарци, се очекува да има негативно влијание врз животната средина.
4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на страната www.mtc.gov.mk.

Бр. 67-1694/6
Датум: 03. 11. 2026
Место: Скопје

Министер
Александар Николоски